АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10. 06. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3147 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – **Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1)**

3. **Период опфатен со надзорот:** 27 април 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 9 јуни 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (јавниот радиодифузен сервис е обврзан дневно да емитува најмалку 60% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, од која половина во периодот од 7,00 до 19,00 часот);

- **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

*За непочитување на член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-100 од 22.02.2016 година) на првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1).*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (23.02.2016 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 27 април 2016

година, на државно ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот делумно постапил по решението за изрекување мерка - (Уп1 бр. 03-100 од 22.02.2016 година), односно ја отстранил само извршената повреда на член 92 став 2 (јавниот радиодифузен сервис е обврзан дневно да емитува најмалку 60% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија), но продолжил со прекршување на одредбата од член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (радиодифузерите се обврзуваат најмалку половина од процентот од обврските од став 2 од член 92, да го остварат во периодот од 07:00 до 19:00 часот).

Во анализираниот ден, првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) емитуваше 14 часа 43 минути и 23 секунди изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик што е **64,88%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот што влегува во пресметка за изворно создадена програма (22 часа 41 минута и 28 секунди), со тоа што ја отстранил извршената повреда на член 92 став 2 од Законот.

Половина од законскиот минимум (60%) е 6 часа 48 минути и 26 секунди изворно создадена програма во РМ на македонски јазик, што медиумот требало да ја емитува во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, МРТ1, емитувал вкупно 6 часа и 8 минути, односно за 40 минути и 26 секунди помалку изворна програма од тоа време, што е спротивно на член 92 став 14 од Законот.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), на 27 април 2016 година, во периодот од 07.00 до 19.00 часот, не емитуваше најмалку половина од законски утврдениот минимум (од 60%) изворно создадена програма во РМ на македонски јазик.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка – опомена, донесено на 22 февруари 2016 година, првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), продолжил со вршење на повредата од **член 92 став 14** од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка